Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр.УП 11-1203

24.09.2019 година

Скопје

Врз основа на барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Пакомак ДОО Скопје, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11 , 28/14 и 153/15) министерот за правда донесе

**РЕШЕНИЕ**

Донацијата во материјални добра во вредност од 94.400,00 денари на Општина Крушево дадена од Пакомак ДОО Скопје, **СЕ ПОТВРДУВА како донација од јавен интерес во областа на комуналните дејности.**

Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Општина Крушево дадена од Пакомак ДОО Скопје.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Пакомак ДОО Скопје, претставувано од управител Филип Ивановски, како давател и Општина Крушево, застапувано од Градоначалникот Томе Христоски, како примател, чиј предмет на донирање се материјални добра садови за собирање на отпад од пакување специјализирани 100 пластични зелени канти 120 литри во вредност од 94.400,00 денари, наменети за заштита и унапредување на животната средина .

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донација се дава на примателот на донација за имплементирање на јавен интерес од определена јавна дејност дефинирана во договорот за донација".

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган Министерството за локална самоуправа, како основа за решавање по барањето.

Министерството за локална самоуправа со мислење бр.13-1902/2 од 20.09.2019 година смета дека донацијата е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

д-р Рената Дескоска

Подготвил: Никола Бабановски, советник

Одобрил: Санела Хасиќ, државен советник